**Р Е Ц Е Н З И Ј А**

**НА РАКОПИСОТ „ПРАКТИКУМ СО ОПШТИ НАПАТСТВИЈА ЗА КЛИНИЧКИ ПРЕГЛЕД НА ИНТЕРНИСТИЧКИ БОЛЕН ПАЦИЕНТ" ОД ДОЦ. Д-Р МАРИЈА ВАВЛУКИС И АСС. Д-Р ГОРДАНА КАМЧЕВА, ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" -ШТИП**

Со Одлука бр. 2002-97/28 од 2.4.2015 година на Наставно-научниот совет Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- **доц. д-р Билјана Илиевска-Поповска,** вработена на Институт за белодробни заболувања - Скопје;
- **проф. д-р Милка Здравковска,** вработена на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип;

за изготвување на извештај - рецензија на приложениот ракопис со наслов „Практикум со општи напатствија за клинички преглед на интернистички болен пациент" од авторките доц. д-р Марија Вавлукис и асс. д-р Гордана Камчева.

По прегледот на добиениот ракопис, рецензентската комисија предложена од Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Општи податоци за ракописот**

Ракописот „Практикум со општи напатствија за клинички преглед на интернистички болен пациент" претставува практикум кој треба да помогне во изведување на практичната настава по предметот Интерна медицина за студиските програми: Дентална медицина, Медицинска сестра/техничар, Медицински лаборанти, Акушерки и Физиотерапевти. Содржината ја сочинуваат два дела: општ дел и посебен дел. Општиот дел се однесува на медицинската историја, опис на структурните делови на медицинската историја и препораки за земање историја на болеста и начин на изведување на клиничкиот преглед. Посебниот дел го сочинуваат осум дела: кардиологија, пулмологија, гастроентерохепатологија, ендокринологија, нефрологија, хематологија, ревматологија и токсикологија, односно пропедевтичкиот аспект на болестите од овие области. Составен дел на ракописот е содржината на почетокот од скриптата и користената литература на крајот од содржината.

Ракописот е напишан на јасен македонски јазик, разбирлив за студентите. Содржи информации за практично совладување на одбрани поглавја од интерната медицина. Опсегот на покриеност на материјалот е во рамките на покривање на програмата по предметите:

1. Интерна медицина за студиската програма Дентална медицина, кој се слуша како редовен предмет во V семестар со фонд на часови 3+2+1;
2. Интерна медицина со нега, 3+4+1;
3. Основи на интерна медицина за студиската програма Лабораториски техничар, кој се слуша како редовен предмет во III семестар со фонд на часови 3+2+1;
4. Основни поглавја на интерна медицина за студиската програма Акушерки, кој се слуша како редовен предмет во III семестар со фонд на часови 2+3+1;
5. Интерна медицина со ревматологија за студиската програма Ффизиотерапевти, кој се слуша како редовен предмет во III семестар со фонд на часови 2+1+1.

**Податоци за обемот на ракописот**

Ракописот е образложен на 54 страници на А4 формат, со соодветни и правилно цитирани референци, истите наведени во поглавјето Користена литература. Во склоп на текстот се вметнати повеќе илустрации со цел зголемување на нагледноста на текстот. Обемот и содржината на ракописот се во согласност со фондот за часови на предметите

и во согласност со одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

**Краток опис на содржината**

Содржината е поделена во два дела.

Првиот дел го запознава студентот со значењето на правилно земена медицинска анамнеза преку медицинско интервју. Ги опишува структурните делови од медицинската историја.

Во продолжение детално се задржува и ги опишува сите структурни делови на историјата на болеста, на тој начин олеснувајќи му го на студентот начинот на водење на медицинското интервју.

Вториот дел во детали го опишува клиничкиот статус верификуван при клинички преглед на пациентот, општиот и статусот по системи.

Најпрво дава краток опис на посебните физикални методи на преглед. Потоа во детали го опишува прегледот на главата и вратот.

Прегледот на градниот кош се задржува на детален опис на клиничкиот наод при преглед на белите дробови, дојката, срцето и кардиоваскуларниот систем.

Во делот преглед на абдомен по топографскиот опис следува опис на редоследот и наодите типични при нормални и посебни патолошки состојби на абдоменот.

Во едно поглавје е поместен прегледот на урогениталниот систем, а завршува со краток опис на основниот преглед на локомоторниот апарат.

Користената литература е со современ датум, користејќи ги и најновите преводи на меѓународно водечките автори во областа од интерес.

Посебно значење на ракописот му дава богатата илустрираност, која пластично го збогатува текстот и претставува негово дообјаснување во однос на начините на клинички преглед.

## ЗАКЛУЧОК

Имајќи го предвид изнесеното, како и намената на овој ракопис, со задоволство му препорачуваме на Наставно-научниот совет при Факултетот за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев” – Штип да го прифати ракописот „Практикум со општи напатствија за клинички преглед на интернистички болен пациент” од авторките доц. д-р Марија Вавлукис и асс. д-р Гордана Камчева за објавување во е-библиотека.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Доц. д-р Билјана Илиевска, с.р.**
**Проф. д-р Милка Здравковска, с.р.**